**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-1/24**
**06.02.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 15.01.2024 година, од Здружение на граѓани, Реактор - Истражување во акција, преку Ирина Јолевска, бул... Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 06.02.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Здружение на граѓани, Реактор - Истражување во акција, преку Ирина Јолевска, бул..., по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 15.01.2024 година, поднесе Здружение на граѓани, Реактор - Истражување во акција, преку Ирина Јолевска, бул..., со кое побара:

1. Број на правосилни завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2021 до 2023 година, разделини по години.
2. Број на дадени изјави за откажување од наследство (негативна наследничка изјава) во правосилно завршени постапки за расправање на оставина, за период од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - години (за 2021, 2022 и 2023 година)
   - пол на наследникот кој дал изјава за откажување на наследство (негативна наследничка изјава)
3. Број на дадени изјави за остапување на својот наследен дел во корист на определен наследник ( согласно член 131 став 2 од Закон за наследување) во правосилно завршените постапки за расправање на оставина, за период од 2021 година до 2023 година, разделени по:
   - години ( за 2021, 2022 и 2023 година)
   - пол на наследникот кој дал изјава за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција односно во АКМИС - системот Ве известуваме за бараните информации.

По однос на точка 1 од барањето во 2021 година правосилно завршени се 1212 постапки за расправање на оставина, во 2022 година правосилно завршени се 1111 постапки за расправање на оставина и во 2023 година правосилно завршени се 896 постапки за расправање на оставина.

По однос на точка 2, и 3 од вака поставеното Ваше Барање, **Ве известуваме дека, нема можност да Ви ги доставиме бараните податоци,** пред се, од причина што, **во АКМИС системот нема можност за такво пребарување, односно, наведните податоци можат да се прибават единствено со физичко прегледување на секој предмет, за што нема реална можност да биде направено, за што е потребен ангажман на поголем број вработени и подолг временски период,** а Судот нема можност за такво ангажирање на вработените, имајќи го предвид времето и човекови ресурси со кои располага Основниот суд Куманово, како и секојдневното исполнување на нивните работни обврски и утврдените законски рокови за постапување.

Основен суд Куманово, СПИ -1/24 од 06.02.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска